I Интернационален конгрес на превентивна медицина и јавно здравје

1 st International Congress of Preventive Medicine and Public Health

Сите заедно за подобро здравје / Together for better health

# СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЛЕКАР И ФАРМАЦЕВТ ПРИ ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО АВТОИМУНИ ЗАБОЛУВАЊА КОИ КОРИСТАТ БИОЛОШКИ ЛЕКОВИ-ПРЕДИЗВИК НА СОВРЕМЕНАТА ТЕРАПИЈА

Марија Трајчулески[1,2] , Катарина Смилков[1]

[1]Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Северна Македонија

[2]Агенција за лекови и медицински средства – Скопје, Република Северна Македонија

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

2024

## ВОВЕД

Третманот на основната болест, а од особена важност подобрувањето на квалитетот на животот е посебен предизвик при третманот на пациентите со автоимуни заболувања.

Биолошката оригинаторна терапија, заедно со поновата група на биолошки слични лекови заземаат значајно место во тераписките режими на овие пациенти.




## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

За реализација на целите на трудот, направен е преглед на објавени научни трудови во периодот од последните 5 години, во базите на податоци PubMed и Scopus, по клучните зборови: биолошки лекови, лекари, фармацевти, автоимуни заболувања




## РЕЗУЛТАТИ



Од анализираните податоци од спроведени прашалници на селектираните 23 труда, утврдено е дека помалку од 50% од анкетираните лекари и фармацевти имаат комплетни познавања во врска со биолошка терапија. Лекарите изразуваат загриженост за промена на терапијата на ниво на фармацевт во однос на референтен лек со биолошки сличен лек. Практично во сите објавени истражувања се укажува на потреба од дополнителна едукација, како клучен предуслов за користењето на придобивките од биолошката терапија.

## ЗАКЛУЧОК

**Соработката помеѓу лекарите и фармацевтите, заедно со нивната дополнителна едукација се од клучно значење за добро управување со терапијата базирана на биолошки лекови, кои ќе обезбедат подобра згриженост на пациентите и подобар квалитет на живот.**

